# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА БЕРОВО



| ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА | 28.06.2013 **БРОЈ 3** | ПРИМЕРОКОТ Е БЕСПЛАТЕН |
|---|---|---|



С О Д Р Ж И Н А стр.


З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за давање на согласност за намена на инвестицијата и за обезбедените средства за реализација на Проекти од јавен повик за користење на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2013 година мерка 322 на Општина Берово........................................................................................................................2

О Д Л У К А за давање на согласност за намена на инвестицијата и за обезбедените средства за реализација на Проекти од јавен повик за користење на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2013 година мерка 322 на Општина Берово...................................2

З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за утврдување на приоритет на проект за учество на јавен повик за користење на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2013 година мерка 322...................................................................................................3

О Д Л У К А за утврдување на приоритет на проект за учество на јавен повик за користење на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2013 година мерка 322..3

З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за прифаќање на иницијатива за отпочнување на постапка за изработка на локална урбанистичка планска документација за изградба на стопански комплекс за одгледување на риба со угостителство на КП бр.7476 КО Берово................................4

О Д Л У К А за прифаќање на иницијатива за отпочнување на постапка за изработка на локална урбанистичка планска документација за изградба на стопански комплекс за одгледување на риба со угостителство на КП бр.7476 КО Берово..........................................................................................4

З А К Л У Ч О К за објавување на Решение за формирање на Комисија за давање под закуп недвижен имот на Општина Берово.........................................................................................5

Р Е Ш Е Н И Е за формирање на Комисија за давање под закуп недвижен имот на Општина Берово ...........................................................................................................................5

З А К Л У Ч О К за објавување на Решение за формирање на партиципативно тело од обласа на просторното и урбанистичко планирање на Општина Берово..........................................................6

Р Е Ш Е Н И Е за формирање на партиципативно тело од обласа на просторното и урбанистичко планирање на Општина Берово..........................................................................................6

Р Е Ш Е Н И Е за доделување на средства од Буџетот на Општина Берово за 2013 година на Најден Ридаров од Берово.....................................................................................................7

Р Е Ш Е Н И Е за доделување на средства од Буџетот на Општина Берово за 2013 година на Викторија Лапевска од Берово ...............................................................................................8

Р Е Ш Е Н И Е за доделување на средства од Буџетот на Општина Берово за 2013 година на Месна заедница с.Ратево......... ..........................................................................................9

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“бр.5/02) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр.13/02 и 18/07), Градоначалникот на Општина Берово донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за давање на согласност за намена на инвестицијата и за обезбедените средства за реализација на Проекти од јавен повик за користење на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2013 година мерка 322 на Општина Берово**

Се објавува Одлука за давање на согласност за намена на инвестицијата и за обезбедените средства за реализација на Проекти од јавен повик за користење на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2013 година мерка 322 на Општина Берово бр.07-1239/1, што Советот на Општина Берово ја донесе на седницата што се одржа на 27.06.2013 година.

**Бр.08-1250/1**
**28.06.2013 год.**
**Б е р о в о**

**ОПШТИНА БЕРОВО**
**Градоначалник**
**Драги Нацински с.р.**

Врз основа на член 62 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“бр.5/02) и член 73 од Статутот на Општина Берово („Сл.гласник на Општина Берово“ бр.13/02 и 18/07), а во врска со Јавниот повик бр.03/2013 за доставување на барања за користење на средства од Програмата за финансиска подршка на руралниот развој за 2013 година, Советот на Општина Берово на седницата одржана на 27.06.2013 година донесе

**О Д Л У К А**
**за давање на согласност за намената на инвестицијата и за обезбедените средства за реализација на Проекти од јавен повик за користење на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2013 година мерка 322 на Општина Берово**

Член 1

Советот на Општина Берово дава согласност за намена на инвестицијата за реализација на проектот **Изработка на урбанистички план за село-Владимирово, Русиново, Ратево и Двориште** на Општина Берово.

Член 2

Проектот ќе биде финансиран од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2013 година, а средствата за реализација на проектот се обезбедени од Буџетот на Општина Берово.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Берово“.

**Бр.07-1239/1**
**27.06.2013 година**
**Б е р о в о**

**Совет на Општина Берово**
**Претседател**
**Јован Матеничарски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ"бр.5/02) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово" бр.13/02 и 18/07), Градоначалникот на Општина Берово донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за утврдување на приоритет на проект за учество на јавен повик за користење на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2013 година мерка 322**

Се објавува Одлука за утврдување на приоритет на проект за учество на јавен повик за користење на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2013 година мерка 322, бр.07-1240/1, што Советот на Општина Берово ја донесе на седницата што се одржа на 27.06.2013 година.

**Бр.08-1250/2** **ОПШТИНА БЕРОВО**
**28.06.2013 год.** **Градоначалник**
**Б е р о в о** **Драги Нацински с.р.**

Врз основа на член 62 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ"бр.5/02) и член 73 од Статутот на Општина Берово („Сл.гласник на Општина Берово" бр.13/02 и 18/07), а во врска со Јавниот повик бр.03/2013 за доставување на барања за користење на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2013 година, Советот на Општина Берово на седницата одржана на 27.06.2013 година донесе

**О Д Л У К А**
**за утврдување приоритет на проект за учество на јавен повик за користење на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2013 година за мерка 322**

Член 1

Се утврдува приоритет на проектот **Изработка на урбанистички план за село-Владимирово, Русиново, Ратево и Двориште** на Општина Берово.

Член 2

Средства за реализација на проектот од член 1 на оваа Одлука ќе се користат од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2013 година.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Берово".

**Бр.07-1240/1** **Совет на Општина Берово**
**27.06.2013 година** **Претседател**
**Б е р о в о** **Јован Матеничарски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“бр.5/02) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр.13/02 и 18/07), Градоначалникот на Општина Берово донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за прифаќање на иницијатива за отпочнување на постапка за изработка на локална урбанистичка планска документација за изградба на стопански комплекс за одгледување на риба со угостителство на КП бр.7476 КО Берово**

Се објавува Одлука за прифаќање на иницијатива за отпочнување на постапка за изработка на локална урбанистичка планска документација за изградба на стопански комплекс за одгледување на риба со угостителство на КП бр.7476 КО Берово, бр.07-1241/1, што Советот на Општина Берово ја донесе на седницата што се одржа на 27.06.2013 година.

**Бр.08-1250/3**
**28.06.2013 год.**
**Б е р о в о**

**ОПШТИНА БЕРОВО**
**Градоначалник**
**Драги Нацински с.р.**

Врз основа на член 17, а во врска со член 50, став 4 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сужбен весник на Република Македонија бр. 51/2005, 137/2007 и 91/2009 ) и Програмата за изработка на урбанистичка планска документација за 2011 година на подрачјето на Општина Берово бр. 07-3167/1 од 28.12.2010 година, а по поднесеното барање Наш бр. 23-1071/1 од 06.06.2013 година од ИЛИЈА АЈТОВСКИ од Берово, за изработка на локална урбанистичка планска документација на КП бр. 7476, КО Берово, – за изградба на Стопански комплекс за одгледување на риба со угостителство, надвор од планскот опфат, Советот на Општина Берово на седницата одржана на 27.06.2013 година донесе:

**О Д Л У К А**
*за прифаќање на иницијативата за отпочнување на постапка за изработка на локална урбанистичка планска документација за изградба на Стопански комплекс за одгледување на риба со угостителство, на КП бр. 7476, КО Берово,*

**Член 1**

Со оваа одлука се прифаќа иницијативата за изработка на локална урбанистичка планска документација, за изградба на Стопански комплекс за одгледување на риба со угостителство, на КП 7476, КО Берово, што е надвор од планскиот опфат и за подрачјето нема урбанистичко планска документација.

**Член 2**

Се задолжува одделение за урбанизам согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање да отпочне со постапка за изработка на локална урбанистичка планска документација вон планскиот опфат за катастарска парцела со КП 7476, КО Берово.

**Член 3**

Сите трошоците потребни за изработка на локална урбанистичка планска документација ќе ги финансира заитересираната странка ИЛИЈА АЈТОВСКИ од Берово, што ќе се склучи посебен договор со инвеститорот и Општина Берово.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Берово.

Бр. 07-1241/1
27.06.2013 година
Б е р о в о

Совет на Општина Берово
Претседател
Јован Матеничарски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ"бр.5/02) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово" бр.13/02 и 18/07), Градоначалникот на Општина Берово донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решение за формирање на Комисија за давање под закуп недвижен имот на Општина Берово**

Се објавува Решение за формирање на Комисија за давање под закуп недвижен имот на Општина Берово, бр.07-1242/1, што Советот на Општина Берово го донесе на седницата што се одржа на 27.06.2013 година.

**Бр.08-1250/4**
**28.06.2013 год.**
**Б е р о в о**

**ОПШТИНА БЕРОВО**
**Градоначалник**
**Драги Нацински с.р.**

Врз основа на член 32, а во врска со член 67 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02), член 19 став 2 точка 38 од Статутот на Општина Берово („Сл.гласник на Општина Берово" бр.13/02 и 18/07) и член 7 од Правилникот за условите и начинот за издавање под закуп на деловен простор во сопственост на Општина Берово („Сл.гласник на Општина Берово" бр.24/08,10/10 и 17/10), Советот на Општина Берово на седницата одржана на 27.06.2013 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за формирање на Комисија за давање под закуп недвижен имот на Општина Берово**

Член 1

Се формира Комисија за давање под закуп недвижен имот на Општина Берово во состав:

1. Јасминка Димовска - член од Советот на Општина Берово
2. Звонко Миовски - член од Советот на Општина Берово
3. Гоце Ружински - член од Советот на Општина Берово

Член 2

Комисијата од член 1 на оваа Одлука ја сочинуваaат тројца членови од Советот на Општина Берово и двајца членови од Општинската администрација на предлог на Градоначалникот.

Комисијата на првата седница од својот состав избира претседател и заменик претседател.

Именувањето на Комисијата од член 1 се врши за период од 4 (четири) години.

Член 3

Комисијата од член 1 на ова Решение, постапките за давање под закуп ги спроведува согласно Правилникот.

По спроведување на постапката Комисијата дава предлог на Градоначалникот за избор на најповолен понудувач.

Член 4

Со влегувањето во сила на ова Решение престанува да важи Решението за формирање на Комисија за давање под закуп општински недвижен имот („Сл.гласник на Општина Берово" бр.4/2009).

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Берово".

**Бр.07-1242/1**
**27.06.2013 година**
**Б е р о в о**

**Совет на Општина Берово**
**Претседател**
**Јован Матеничарски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ"бр.5/02) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово" бр.13/02 и 18/07), Градоначалникот на Општина Берово донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решение за формирање на партиципативно тело од областа на просторното и урбанистичко планирање на Општина Берово**

Се објавува Решение за формирање на партиципативно тело од областа на просторното и урбанистичко планирање на Општина Берово, бр.07-1243/1, што Советот на Општина Берово го донесе на седницата што се одржа на 27.06.2013 година.

**Бр.08-1250/5**
**28.06.2013 год.**
**Б е р о в о**

**ОПШТИНА БЕРОВО**
**Градоначалник**
**Драги Нацински с.р.**

Врз основа на член 17 став 6 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ" бр.51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12 и 55/13), член 32 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02), а во врска во чл.69-а, 69-б, 69-в и 69-г од Статутот на Општина Берово („Сл.гласник на Општина Берово" бр.13/02 и 18/07), Советот на Општина Берово на седницата одржана 27.06.2013 година донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за формирање на партиципативно тело од областа на просторното и урбанистичко планирање**

Член 1

За обезбедување на јавност и стручност во процесот на просторното и урбанистичко планирање се формира партиципативно тело во состав:

1. Влатко Ваканскi - член на Советот на Општина Берово;
2. Биљана Марковска - член на Советот на Општина Берово;
3. Атанас Валмарски - член од Месна заедница;
4. Емилија Рушковска - член од невладино здружение,
5. Марија Андовска - општинска администрација
6. Анита Пуреовска - општинска администрација
7. Ванчо Димовски - општинска администрација

Член 2

Партиципативното тело ги прибира и анализира барањата на граѓаните, пренесува ставови и мислења на граѓаните и правните лица, ги следи состојбите во планирањето преку давањето на иницијативи, насоки и сугестии за изготвување на плански решенија за Општина Берово.

Член 3

Партиципативното тело од редот на своите членови избира претседател, кој се избира со мнозинство на гласови од вкупниот број на членови на телото, со јавно гласање.

Член 4

Партиципативното тело работи на седници, а седниците по правило се јавни.

Седниците ги свикува и со нив раководи претседателот на телото.

Партиципативното тело може да работи ако на седницата присуствуваат мнозинство од вкупниот број на членови.

Одлучува со мнозинство на гласови од вкупниот број на присутвите членови на телото.

На седниците на телото можат да присуствуваат и учествуваат во работата Градоначалникот и Претседателот на Советот, без право на одлучување.

Член 5

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Берово“.

**Бр.07-1243/1** **Совет на Општина Берово**
**27.06.2013 година** **Претседател**
**Б е р о в о** **Јован Матеничарски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 8 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“бр.5/02), член 31 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.61/04, 96/04, 67/07 и 156/09),) и член 61 став 1 алинеа 4 од Статутот на Општина Берово („Сл.гласник на Општина Берово“ бр.13/02 и 18/07), а во врска со Барањето поднесено од Најден Ридаров од Берово на 17.06.2013 г., Градоначалникот на Општина Берово донесува

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за доделување на средства од**
**Буџетот на Општина Берово за 2013 година**

1. На Најден Ридаров од Берово, со ЕМБГ 1503996491507 за покривање на болнички трошоци за лекување во ЈЗУ Клиничка болница Кочани се доделува средства во износ од 3.000,00 денари.

2. Средставата за таа намена ќе бидат исплатени од Буџетот на Општина Берово за 2013 година програма Д0 Градоначалник подставка 413 110 тековни резерви (разновидни расходи).

3. Се задолжува Одделението за финансиски прашања на Општина Берово да го спроведе оваа Решение на жиро сметка 240217018983408 на Универзална Инвестициона Банка А.Д Скопје на Мејдин Дестановски.

4. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Берово“.

**Бр.05-1161/2**
**24.06.2013 година**
**Б е р о в о**

**ОПШТИНА БЕРОВО**
**Градоначалник**
**Драги Наџински с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 8 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“бр.5/02), член 31 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.61/04, 96/04, 67/07 и 156/09),) и член 61 став 1 алинеа 4 од Статутот на Општина Берово („Сл.гласник на Општина Берово“ бр.13/02 и 18/07), а во врска со Барањето поднесено од Викторија Лапевска од Берово на 25.06.2013 г., Градоначалникот на Општина Берово донесува

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за доделување на средства од**
**Буџетот на Општина Берово за 2013 година**

1. На Викторија Лапевска од Берово, со ЕМБГ 2106997455002 за печатење на награден ракопис под наслов „Ѕвездено небо“, одобрен од издавачката куќа „Дата песнопој“ од Битола, се доделува спонзорство во износ од 5.000,00 денари.

2. Средставата за таа намена ќе бидат исплатени од Буџетот на Општина Берово за 2013 година програма Д0 Градоначалник подставка 425 920 услуги за копирање, печатење и издавање.

3. Се задолжува Одделението за финансиски прашања на Општина Берово да го спроведе оваа Решение по доставена фактура на дозволениот износ од точка 1 на истото.

4. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Берово“.

**Бр.05-1221/2**
**26.06.2013 година**
**Б е р о в о**

**ОПШТИНА БЕРОВО**
**Градоначалник**
**Драги Наџински с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 8 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“бр.5/02), член 31 став 2 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.61/04, 96/04, 67/07 и 156/09), а во врска со Барањето на МЗ с.Ратево бр.185/13 од 26.06.2013 година Градоначалникот на Општина Берово донесува

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за доделување на средства од**
**Буџетот на Општина Берово за 2013 година**

1. На Месната Заедница во с.Ратево за организирање на традиционалниот турнир во мал фудбал по повод празникот Петровден, се доделува средства во износ од 5.000,00 денари.

2. Средствата за таа намена ќе бидат исплатени од Буџетот на Општина Берово за 2013 година програма Л0 спорт и рекреација подставка 464 990 други трансвери.

3. Се задолжува Одделението за финансиски прашања на Општина Берово да го спроведе ова Решение на сметка бр.200-0000919164-16 на Стопанска банка АД Скопје.

4. Се задолжува МЗ во с.Ратево да поднесе извештај за намената на средствата од точка 1 на ова Решение на Одделението за финансиски прашања на Општина Берово.

5. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Берово“.

**Бр.05-1170/4**
**27.06. 2013 година**
**Б е р о в о**

**ОПШТИНА БЕРОВО**
**Градоначалник**
**Драги Наџински с.р.**

ИЗДАВА:
ОПШТИНА БЕРОВО